

СОУ ГИМНАЗИЈА „ЈОСИП БРОЗ – ТИТО" БИТОЛА

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПЕРИОД**

**2022-2024 ГОДИНА**

# Содржина


1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето ........ 5
2. Цели на самоевалуацијата ........ 7
   2.1. Популација и примерок ........ 8
   2.2. Планирање и подготовка на анкета ........ 8
      2.2.1. Формирање на тим за самоевалуација ........ 8
      2.2.2. Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата ( табела ) ........ 9
      2.2.3. Нивоа на постигања ........ 9
      2.2.4. Резултати од самоевалуацијата на училиштето ........ 11
3. Подрачје1: Наставни планови и програми ........ 12
   3.1. Реализација на наставните планови и програми ........ 14
   3.2. Квалитет на наставни планови и програми ........ 16
   3.3. Вонаставни активности ........ 17
4. Подрачје 2: Постигнувања на учениците ........ 21
   4.1. Постигнувања на учениците ........ 21
   4.2. Задржување/ осипување на учениците ........ 24
   4.3. Повторување на учениците ........ 25
5. Подрачје 3: Учење и настава ........ 28
   5.1. Планирања на наставниците ........ 28

5.2. Наставен процес ........ 29
5.3. Искуства на учениците од учењето ........ 30
5.4. Задоволување на потребите на учениците ........ 31
5.5. Оценувањето како дел од наставата ........ 33
5.6. Известување за напредокот на учениците ........ 34
6. Подрачје 4: Поддршка на учениците ........ 37
6.1. Севкупна грижа на учениците ........ 37
6.2. Здравје ........ 41
6.3. Советодавна помош за понатамошно образование на ученците ........ 43
6.4. Следење на напредокот ........ 44
7. Подрачје 5: Етос – училишна клима ........ 48
7.1. Училишна клима и односи во училиштето ........ 48
7.2. Промовирања на постигањата ........ 50
7.3. Еднаквост и правичност ........ 51
7.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница ........ 52
8. Подрачје 6: Ресурси ........ 58
8.1. Сместување и просторни капацитети ........ 58
8.2. Наставни средства и материјали ........ 58
8.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар ........ 59
8.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар ........ 60

8.5. Финансиско работење на училиштето ........ 60
9. Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика ........ 64
9.1. Управување и раководење со училиштето ........ 64
9.2. Цели и креирање на училишна политика ........ 65
10. SWOT – Анализа ........ 70

# 1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето

**Самоевалуацијата** на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :

- **Колку е добро нашето училиште?**
- **Како го знаеме тоа?**
- **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци, како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

Самата самоевалуација се спроведува преку индикатори за мерење на работата на училиштето, кои овозможуваат прецизен увид во работата и даваат препораки за подобрување.

Исто така индикаторите се организирани во подрачја, секое подрачје содржи определен број индикатори за квалитет. Секој индикатор има определен број теми што се однесуваат на определена активност што се следи во Гимназијата, со цел да се процени квалитетот и работата на нашето училиште, да се идентификуваат областите за кои е потребно подобрување, како и да се оспособи раководниот кадар да донесува издржани одлуки за одржување на силните и надминување на слабите страни од работата на гимназијата. Силните и слабите страни од работата на Гимназијата се опфатени во SWOT анализата.

Самоевалуацијата во Гимназијата се спроведува по осми пат. Во оваа самоевалуација беше направена репрезентативна анкета во која беа вклучени 44 наставници, 468 ученици и 255 родители.

**Шематски приказ на процесот на самоевалуација**



## 2. Цели на самоевалуацијата

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата
- Ефективно и ефикасно работење на Директорот со училиштето
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница
- Обезбедување на поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување на подобри резултати
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето
- Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники, со цел, создавање на единствени критериуми

## 2.1. Популација и примерок

Со истражувањето беа опфатени три категории на испитаници и тоа 44 наставници, 468 ученици и 255 родители на ученици од Гимназијата ,,Јосип Броз Тито,,. Учесниците во истражувањето ги пополнија прашалниците во електронска форма. Анкетните прашалници содржеа 63 прашања за наставниците, 53 за учениците и 44 за родителите, во кои беа опфатени сите истражувачки подрачја од процесот на самоевалуацијата.

## 2.2. Планирање и подготовка на анкета

### 2.2.1. Формирање на тим за самоевалуација

Планирањето и подготовката на самоевалуацијата беше спроведено од тимот за самоевалуација назначен од Директорот на училиштето со следниот состав:

***Директор***: Лидија Споа

***Пом.директор:*** Даниела Петревска Матевска

***Социолог:*** Даница Таневска

Елена Дамчевска Јосифовска – наставник по билогија

Биљана Илиевска Ѓоргиевски - наставник по германски јазик

Елена Трпезановска Јоновска – наставник по француски јазик

Славица Трајковска - наставник по информатика

Весна Атанасовска -наставник по математика

Михаил Наумовски - наставник по физика

### 2.2.2. Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата ( табела )

| *ТЕХНИКИ* | *ИНСТРУМЕНТИ* |
|---|---|
| Набљудување | Следење на состојбата |
| Анкетирање | Анкети<br>Прашалници |
| Скалирање | Скали графички (дескриптивни и нумерички) |
| Анализа на документи | Чек листи |

### 2.2.3. Нивоа на постигања

**Нивоата на постигања** содржат јасни и прецизни описи на постигнувањата кај поединечните **индикатори** во рамките на одредено **подрачје на вреднување** . Врз основа на меѓународните искуства и индикаторите за квалитет на работата на училиштата изготвен од МОН ( Државен просветен инспекторат ) во Скопје, 2019 г. вреднувањето на оствареното се врши на пет нивоа и тоа : не задоволува, делумно задоволува, задоволува, добро, многу добро.

**Ниво 4/ многу добро** - се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде преовладуваат јаките страни. Може да постојат мал број слаби страни, меѓутоа тие значително не влијаат на искуството што го имаат учениците во училиштето. Иако многу добро е највисок стандард, сепак тој стандард може да го постигне секое училиште. Тој укажува дека училиштето во тој

аспект е добро и не треба да прави позначајни прилагодувања. Сепак, се очекува училиштето да продолжи да го одржува високото ниво на тој аспект и да ги користи сите можности и добри пракси што му се нудат за понатамошно подобрување.

**Ниво 3/ добро** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето каде постојат бројни јаки страни. Има слаби страни, но тие ниту поединечно ниту групно немаат значително негативно влијание на искуството што го имаат учениците во училиштето. Евалуацијата добро може да се даде под бројни околности. На пример, учењето и наставата се соодветни и како резултат на тоа искуството на учениците е позитивно, сепак може да се дојде до сознание дека на учениците не им се нуди доволно предизвик. Најчесто овој аспект се карактеризира со јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои влијаат на севкупниот квалитет на искуството што го имаат учениците.

**Ниво 2/ задоволува** – се евалуираат аспекти од работата на училиштето кои имаат некои јаки страни, но имаат и значителни слаби страни кои влијаат на искуството на учениците. Во целина, кога се евалуира со делумно задоволува, тоа значи дека училиштето треба да преземе структурни и навремени активности за подобрување на состојбите. Евалуацијата делумно задоволува може да се даде под бројни околности. Може да постојат јаки страни, но, исто така, и слаби страни кои индивидуално или групно може да го нарушат квалитетот на работата на училиштето.

**Ниво 1/ делумно задоволува** – Со делумно задоволува се евалуираат оние аспекти од работата на училиштето кога постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето. Искуството на учениците е загрозено во некои клучни аспекти. Во најголем број на случаи, наставата е оценета како незадоволителна и е потребна дополнителна поддршка од раководството во планирање и спроведување на соодветни активности за подобрување. Ова може да вклучува потреба од поддршка од искусни колеги од училиштето или надвор од него.

**Ниво 0 /не задоволува –** не задоволува во ниеден сегмент од воспитно образовниот процес во училиштето

## 2.2.4. Резултати од самоевалуацијата на училиштето

| ***Подрачје на вреднување*** | ***Ниво на постигања*** |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | Многу добро |
| **Постигнувања на учениците** | Многу добро |
| **Учење и настава** | Многу добро |
| **Поддршка на учениците** | Многу добро |
| **Училишна клима и односи во училиштето** | Многу добро |
| **Ресурси** | Многу добро |
| **Управување,раководоње и креирање политика** | Многу добро |

- **Севкупното работење на училиштето се оценува како <u>многу добро.</u>**

Самоевалуацијата беше извршена врз основа на план според кој беше формиран училишен тим, избор на подрачја на вреднување, активности во текот на процесот и по завршувањето на самоевалуацијата, внатрешни и надворешни учесници, време на реализација, користени инструменти и техники, чување, заштита и располагање со податоци користени во самоевалуацијата, обработка и анализа на добиените податоци, пишување извештај и изготвување Развоен план за работа на училиштето.

Добиените резултати произлегуваат од изворите на податоци, инструменти, техники и методи кои се користени во самиот процес.

# 3. Подрачје1: Наставни планови и програми

***Оддели во рамките на подрачјето:***

**3.1. Реализација на наставните планови и програми**

Во СОУ Гимназија „Јосип Броз -Тито- Битола наставата се реализира во согласност со наставните планови и програми за гимназиско образование и се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование.

Наставните планови и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно сработени и успешно се реализираат.

Училипштето преку различни начини и средства ги информира родителите и учениците за целите на наставните програми како и програмите за меѓуетничка интеграција.

Успешно се реализираат наставните програми одобрени од МОН со одредени прилагодувања на индивидуалните

психофизички способности на учениците и можноста за вклучување на родителите во реализација на истите. Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети кои се применуваат во целост со почитување на потребите и барањата на учениците.

Во рамиките на слободните односно проектните активности се реализират програми според потребите и интересите на учениците.

Сите видови на настава: задолжителна, дополнителната и додатната настава се квалитетно планирани и реализирани.

**3.2. Квалитет на наставните планови и програми**

При реализација на наставните планови и програми постои подеднаква можност за учество на учениците од различна етничка и полова припадност.

Училиштето искористува се она што може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи исто така, тоа придонесува за подигање на културно-образовното ниво на учениците.

Планирани се содржини од областа на здравственото воспитување и други теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат за нивната возраст.

Наставниците целосно ги почитуваат насоките од училиштето за вградување на меѓупредметните цели како развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различностите и сл.

Оптимално користење на постојната литература и материјално-техничките услови за работа вклучувајќи ја и ИКТ програмата.

**3.3. Вonнаставни активности**

Во училиштето се планираат и реализираат многубројни и разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците во кои се вклучуваат според сопствен избор низ транспарентна процедура. Учениците со подршка и помош на училиштето учествуваат на манифестации и натпревари организирани на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Вклучени се и во многу проекти на ниво на државата како и меѓународни проекти и самостојно преземаат и реализираат младински иницијативи.

***Подрачје 1: Наставни планови и програми***

| ***Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени). Обработка на документи*** | | |
|---|---|---|
| ***Документи кои се прегледани*** | | ***Кои информации се собрани?*** |
| ***Годишни и тематски планирања; Наставни планови и програми;***<br><br>***Дневник на паралелката;*** | **3.1. Реализација на наставните планови и програми** | На почеток на учебната година сите наставниции (100%) ги запознаваат учениците со наставните планови и програми, а 90,9% од наставниците ги реализираат истите во согласност со донесените програми од МОН.<br>Одговорите на испитаните наставници покажаа дека содржините од наставната програма во голем дел одговараат на возраста и предзнаењата на учениците (81,9%), а половина од наставниците (52,3%) сметаат дека наставната програма е преобемна, при што истите имаат проблем со времето за нејзино реализирање.<br>Скоро сите наставници (97,7%) одговориле дека во планирањето на наставните програми се води сметка за учениците кои имааат потешкотии во учењето и им се обезбедува соодветна поддршка.<br>Речиси сите наставници (97,7%) изјавиле дека не прават разлика меѓу учениците според полот, социјалното потекло, етничка и религиозна припадност.<br>Според спроведената анкета, 82,7% од учениците сметаат дека наставниците ги реализираат наставните планови и програми по предмети, |

| | | |
|---|---|---|
| ***Изјави за избор на изборни предмети и подрачја;***<br><br>***Изјави за избор на проектни активности;***<br><br>***Извештаи за резултатите од изборот;*** | | 81,7% од учениците се изјасниле дека на почетокот на годината наставниците им објаснуваат што и како ќе работаат во текот на учебната година.<br>34,6% од учениците одговориле дека наставниците им даваат повеќе материјал од предвиденото, но само една половина од нив (56,2%) мислат дека материјалот е соодветен за нивната возраст и животно искуство. Мал е процентот на ученици кои сметаат дека освен наставникот нема потреба некој друг да им го објаснува училишниот материјал (22,3%) Половина од учениците (50,4%) сметаат дека она што се учи на училиште е поврзано со секојдневниот живот.<br>Околу три четвртини од родителите (78,8%) одговориле дека на првиот родителски состанок од страна на класните раководители, се запознаени со планот и програмата која треба да ја реализира нивното дете во текот на учебната година.<br>75.6% од анкетираните родители одговориле дека содржините од наставнате програми во голем дел одговараат на возраста и предзнаењата на учениците.<br>Малку повеќе од половина од родителите (67.4%) се согласуваат дека наставните содржини го поттикнуваат креативното мислење на нивните деца |

| | | |
|---|---|---|
| | **3.2. Квалитет на наставни планови и програми** | Најголем дел од наставниците (95,4%) ја потенцираат поврзаноста на наставната содржина со другите предмети, а повеќе од половина од наставниците (68,2%) учествуваат во креирање на наставни планови и програми.<br>Најголем дел од наставниците (97,7%) лесно ги дефинираат воспитните и образовните цели во планирањето, а исто така голем процент (93,2%) од наставниците се согласуваат дека при реализирањето на наставните програми се води сметка за подигнување на свеста за муликултурно разбирање и наставните содржини ги потикнуваат учениците да ги почитуваат разликите во нашето мултикултурно општество.<br>75,2% од анкетираните ученици одговориле дека имаат јасна претстава за целите и вредностите на наставните програми затоа што наставниците работат по план кој води кон одредена цел.<br>Речиси половина од ученците (49.3%) одговориле дека наставните содржини ги потикнуваат да размислуваат и да имаат нови идеи.<br>Две третини од учениците (65,8%) сметаат дека наставните содржини ги потикнуваат да се почитуваат разликите и припадноста на мултикултурно општество.<br>На тврдењето „наставните содржини ја подигнуваат свеста за почитување на различни мислења и толкувања " потврдно одговориле (75.0%) од анкетираните родители. |

| | | |
|---|---|---|
| | **3.3. Воннаставни активности** | Во самото планирање најмногу се вклучени членовите на активите. 84,1% од наставниците планираат дополнителна и додатна настава и при планирањето користат искуства, идеи од други колеги во колективот или надвор од него, а 63,6% одговориле дека со организирање на дополнителна и додатна настава успехот на учениците би се подобрил.<br>Голем дел од наставниците (91,6%) одговориле дека реализацијата на планирањата се следи од директорот и/или стручната служба и заедно систематски ги идентификуваат образовните потреби на наставниците.<br>78% од испитаните ученици слободно ги избираат изборните предмети и подрачја, но 18,2% од учениците сеуште немаат изборен предмет. Скоро сите ученици (95,1%) самостојно ги избираат проектните активности.<br>Повеќе од две третини (69,9%) од учениците сметаат дека проектните активности се поддршка на личниот и социјалниот развој и истите учествуваат во изготвувањето на планот за проектните активности. Голем дел од учениците (67,6%) одговориле дека има доволен број на воннаставни активности, додека 59,8% од учениците сметаат дека наставниците ја потенцираат меѓусебната поврзаност на наставните програми по предмети и подрачја.<br>Родителите (72,2%) сметаат дека во училиштето редовно се реализираат воннаставни активности. (80,4%) од родителите се изјавиле дека |

| | | |
|---|---|---|
| | | ја поддржуваат реализацијата на вонаставните активности, но само (28.6%) одговориле дека се вклучени во нивната реализација. |

***Подрачје 1: Наставни планови и програми***

| ***Резултати:*** |
|---|
| ***Клучни јаки страни:***<br>➢ Во целост се реализираат наставните планови и програми во согласност со програмските документи донесени од МОН и одобрени од МОН по пропишаниот обем.<br>➢ Во сите наставните програми се постигаат целите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост.<br>➢ Се постигнува навремена и точна информација до членовите на Совет на родители, родители и ученици за целите на наставните планови.<br>➢ Училиштето има пропишана процедура за изготвување на ИОП и формирање на инклузиваен тим на детето со целосна соработка на родителите.<br>➢ Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети во секое подрачје а учениците имаат потоплна слобода при избор на изборен предмет.<br>➢ Секој ученик согласно сопствените желби, интереси и потреби се изјаснува за изборот на едно од трите подрачја, а секое од нив содржи комбинација А или Б |

- Соработка со локалната заедница за успешно реализирање на наставни и вонаставни активности.
- Во училиштето се негува меѓуетничката и родовата рамноправност.
- Реализирање на нови идеи, планови, програми и иновации според потребите на учениците, родителите и наставниците;
- Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните содржини од наставните планови и програми
- Наставните планови и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно сработени.
- Несебичност кон работата како и желбата на наставниците за афирмирање на училиштето во општината и пошироко преку учеството во разните манифестации и натпревари;
- Секој ученик согласно сопствените желби,интереси и потреби зема учество во работата на некои од вонаставните активности.
- Училиштето обезбедува голем избор на вонаставни активности каде што учество земаат речиси сите од учениците
- Рамноправност при вклучувањето на ученици во вонаставните активности од различна родова, полова,етничка и социјална припадност.
- Изготвени програми за реализација на проектни активности.

***Слабости:***

- Според учениците наставниот материјал е обемен и несоодветен за возраста и им е потребна дополнителна помош за усвојување на истиот.
- Недоволна вклученост на родителите во реализацијата на вонаставните активности.
- Недоволната оспособеност на наставниот кадар за изработка на програми за работа со ученици со посебни потреби.

- Недоволно учество на наставниците во креирањето и осовременување на наставните планови и програми од страна на МОН и БРО

***Подрачје 1: Наставни планови и програми***

| ***Анализа на резултатите:*** |
| --- |
| Во училиштето во целост се реализираат наставните планови и програми донесени и одобрени од МОН и БРО и за истите навремено се информирани сите субјекти вклучени во образовниот процес. Училиштето има пропишана процедури за изготовка на индивидуален образовен план и инклузивен тим врз чија основа се задоволуваат потребите на учениците со посебни образовни потреби. Се адаптирани влезовите во училиштето, спортската сала и училницата, се обезбеди компјутер за следење на кабинетската настава (наставата по информатика) и монтажен тоалет.<br>Во целост се постигаат целите за меѓуетничка интеграција како и родова и етничка рамноправност односно со добри разработени насоки на училиштето се развива самодовербата, одговорноста, почитувањето на различностите и јакнење на свеста на учениците за припадност во мултикултурно општество.<br>Сите учениците се вклучени во воннаставни активности по сопствен избор и низ транспарентна процедува. Ова придонесува за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење на учениците односно на ефективен и конструктивен начин учествуваат во општествениот развој и се оспособуваат за активно и демократско учество во општеството. Училиштето дава поддршка за учество на ученици на разновидни и многубројни проекти преку различни медиуми како училишен весник, училишно радио, училишен поткаст, социјални мрежи и сл. |

| |
|---|
| Преку воннаставни активности и проектните активности, во нашето училиште се подигнува знаењето на учениците на повисок степен, задоволување на нивниот интерес и развивање на нивните способности и вештини, добивање на признанија, награди и дипломи. |
| ***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br>Додавање на теми во наставните материјали поврзани со секојдневниот живот.<br>Поголема вклученост на родителите во реализирање на воннаставните активности.<br>Обука на наставниците за нивно натамошно усовршување и унапредување.<br>Поттикнување на наставниците да предлагаат и учествуваат во изработка на нови наставни планови и програми. |

## 4. Подрачје 2: Постигнувања на учениците

| | |
|---|---|
| **4.1. Постигнувања на учениците** | Според одговорите на анкетираните наставници (88,7%) успехот на учениците се следи континуирано во текот на целата година, а ист толкав процент од наставниците (88,7%) истакнале дека се задоволни од успехот што го постигнале учениците по нивниот предмет.<br>Резултатите и постигнувањата на учениците се промовираат јавно, за што се изјасниле 93,2% од наставниците. |

| | |
|---|---|
| | Наставниците во најголем дел (97,7%) мислат дека обезбедуваат соодветна поддршка за деца со потешкотии.<br>Две третини (63,6%) од наставниците сметаат дека со реализирањето на додатната и дополнителната настава би се подобрил квалитетот на наставата.<br>Голем дел од учениците се изјасниле дека за време на часот се охрабрени од наставниците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци (69,1%), а 73,9% одговориле дека се задоволни од постигнатиот успех при што се идентификуваат нивните образовни потреби и им се помага при пречките во учењето.<br>Повеќе од половина (56.4%) истакнале дека стекнатите знаења и вештини ќе им требаат за во иднина, потенцирајќи ја поврзаноста со други наставни предмети и подрачја.<br>Околу 71,4% сметаат дека дополнителната настава ќе го подобри успехот на учениците. Помалку од една третина од учениците сметаат дека тестовите и писмените го отсликуваат реалното ниво на нивното знаење односно 29.9%.<br>Постигнатиот успех во училиште е резултат на работата на учениците и ангажирањето на сите вработени во училиштето одговориле 76.1% од учениците, додека пак 63.3% од нив сметаат дека за талентираните ученици се води доволно грижа.<br>Повеќето од родители (85.9%) се задоволни од успехот на нивните деца и сметаат дека тоа се должи на резултатот на работата на нивното дете (91,4%), како и од работата на ангажираноста на наставниците (75.0%).<br>Малку повеќе од половина анкетирани родители (61.6%) се согласуваат дека учебниците одговараат на возраста и предзнаењата на учениците. |

| | |
|---|---|
| | Дека резултатите и постигнувањата на учениците треба да се промовираат и во училиштето и во заедницата се изјасниле (88,3%) од родителите.<br>Дека училиштето води грижа за талентираните ученици сметаат (76.0%) од родителите, но помал е бројот на родители (60.4%) кои сметаат дека училиштето води грижа за учениците со покажан послаб успех.<br>Помалку од половина од учениците (48,3%) мислат дека наставниците обезбедуваат соодветна поддршка кога имаат потешкотии во наставата, а поголем дел од учениците (54,5%) одговориле дека во училиштето наставниците и стручната служба системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат соодветни активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.<br>Во училиштето за подобрување на постигањата на учениците се одржува дополнителна и продолжителна настава во зависност од потребите на учениците или по потреба со цел учениците полесно да ја совладаат наставната материја по одделен наставен предмет. Се одржуваат и индивидуални разговори на одредени ученици со психологот,педагогот и социологот со цел да се подобрат постигнувањата на учениците.<br>За талентираните ученици по одредени области се организира додатна настава и консултации при нивна подготовка на натпревари по одредените области со цел да се постигнат повисоки резултати на натпреварите, со што се подобруваат постигањата на учениците.<br>Скоро 84,1% од наставниците сметаат дека повторувањето на ученици е ретко, а исто толку наставници сметаат дека во училиштето се води евиденција за отсуствата на учениците, а класните раководители навреме ги информираат родителите и стручната служба. |

| | |
|---|---|
| **4.2. Задржување/ осипување на учениците** | Помалку од половина од наставниците (43,2%) сметаат дека учениците отсуствуваат од училиште само кога имаат потреба од тоа, а скоро ист процент од наставниците (45,5%) сметаат дека учениците често отсуствуваат затоа што не се подготвени за час. 77,3% од наставниците сметаат дека учениците се испишуваат главно поради свои лични причини.<br>Голем дел од анкетираните ученици (80,8%) одговориле дека во училиштето се води строга евиденција за нивните отсуства, но мал дел од нив (28,6) сметаат дека причините за отсуства се поради испрашување или тестови. 75% одговориле дека класните раководители преземаат конкретни активности ако се отсуствува од настава. Дел од учениците (62%) одговориле и дека класните раководители се толерантни во регулирање на изостаноците.<br>98.8% од родителите се изјаснија дека навремено ги регулираат изостаноците на децата, (77.3 %) не ги оправдуваат учениците без вистинска причина, додека мал дел од анкетираните родители (9,8%) одговориле дека го оправдале отсуството на нивното дете и тогаш кога немало вистинска причина за тоа.<br>Родителите потенцирале дека навремено се информирани од страна на класниот раководител за неоправданите отсуствата на своето дете (92,2%).<br>По неколку прашања има спротивни мислења на учениците и наставниците. Спротивни се мислењата и по прашањето за користење на различни методи за мотивирање на учениците и создавање на активна, динамична и продуктивна училница, 97,7% од наставниците одговориле позитивно, но од учениците само 52,8%.<br>Во училиштето нема осипани ученици. |

| | |
|---|---|
| **4.3. Повторување на учениците** | Според анализите направени со самоевалуацијата во последните две години резултатите покажуваат дека во училиштето нема учениици кои ја повториле наставната година |

***Подрачје 2: Постигања кај учениците***

| |
|---|
| ***Резултати:*** |
| ***Клучни јаки страни:*** <br> ➢ Во училиштето според резултатите се усвојуваат знаења а податоците за постигнувањето на учениците се прибираат, користат и анализират. <br> ➢ Врз основа на увидот на актуелните постигнувања на учеиците, училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците. <br> ➢ Наставниците обезбедуваат поддршка на ученици што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и доколку има и на ученици со пречки во развојот. <br> ➢ Јавно се промовираат постигнувањето на учениците. <br> ➢ Редовно и навремено одржување на додатни и дополнителни часови; |

- Системски се следи редовноста на учениците, се анализираат причините за отсуство од наставата и се преземаат конкретни активности.
- Зголемена соработка со родителите преку класните раководители и реализираните советувањата на родителите од страна на стручната служба.
- Во училиштето осипани ученици, а бројот на отпишани ученици на годишно ниво е релативно многу мал, по што се почитува постапката за премин од едно во друго училиште.
- Во училиштето нема осипани ученици ниту ученици кои во последните две години ја повториле наставната година.
- Примена на критериумите и стандардите дадени од БРО за оценување на постигањата на учениците, за кои се информирани и учениците;
- Соработка на наставниците и училиштето со повеќе субјекти како: други училишта, институции и локална самоуправа;
- Однесување кон учениците со почит, разбирање и соработка;
- Успешно завршување на образовниот циклус;

***Слабости:***

- Просторно ограничување во училиштето за реализација на дополнителни и додатни часови
- Не се отсликуваат реалните знаења на учениците според изработените тестови и писмени работи.
- Да се користат различни методи за создавање на активна, динамична и продуктивна училница

***Подрачје 2: Постигања кај учениците***

| ***Анализа на резултатите: Подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| Според постигнатите резултати во нашето училиште се задоволуваат поставените стандарди во процесот на образование.<br>Во нашето училиште 100% од учениците го завршуваат средното образование. Учениците се охрабрени самостојно да мислат и да донесуваат заклучоци.<br>Со одржување на додатна и дополнителна настава се оди со подобрување на успехот кај одредени ученици од што согледуваме дека во нашето училиште континуирано се подобрува резултатот кај учениците. За напредокот на учениците училиштето води уредна документација.<br>Се преземаат конкретни активности за намалување на отсуството на учениците од наставата преку соработка со родителите.<br>Наставниците покрај тестовите и писмените користат различни методи за оценување на постигнувањата на учениците.<br>Според податоците сите ученици положиле државна матура што уште еднаш се потврдува успехот на работата на училиштето и учениците а во тоа се согласни речиси сите родители. |
| ***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br>Проширување на просторниот капацитет на училиштето. |

# 5. Подрачје 3: Учење и настава

| | |
|---|---|
| **5.1. Планирања на наставниците** | Сите анкетирани наставници (100%) ја планираат наставата преку годишни и тематски планови и пред почетокот на учебната година истите ги предаваат кај педагогот. Исто така при реализирањето на наставните часови наставниците редовоно подготвуваат и дневни подготовки. Анкетираните наставници (97,7%) се согласуваат дека целите на наставата јасно се утврдени во нивните планирања со што се олеснува спроведувањето на наставниот процес. Педагошката работа на наставниците се следи од страна стручната служба и/или директорот.<br>Најголем дел од наставнците (93,1%) се изјасниле дека планирањата ги прват со помош на ИКТ и е мал процентот на наставници (6,8%) кои користат ИКТ со помал интензитет. Најголем дел од анкетираните наставници (95,4%) при своите планирања користат искуства од другите колеги, стручните активи и експертски искуства. Поголем дел од наставниците (84,1%) одговориле дека редовно ја планираат додатната и дополнителната настава.<br>Во училиштето пред започнувањето на учебната година се подготвува распоред на часови и на првиот училишен ден се соопштува на учениците. Исто така на почетокот на учебната година во училиштето се прави и истакнува распоред за додатна и дополнителна настава. Секој предметен наставник определува термини за реализирање на дополнителната и додатната настава и за термините ги известуваат учениците. Распоредот е поставен на видно место и е достапен за сите ученици, родители, наставници. |

| | |
|---|---|
| **5.2. Наставен процес** | Најголем дел од анкетираните наставници (97,7%) изјавиле дека користат различни методи, форми и техники за време на наставата со цел да ги мотивираат учениците. Со навременото набавување на современи нагледни средства и помагала за работа (компјутери, лаптопи, телевизори,таблети и сл.) во училиштето редовно се спроведува ИКТ настава. Современите средства и помагала овозможуваат учениците на полесен и покреативен начин да усвојуваат знањеа и да го подобрат својот успех.<br>Со цел успешно да се реализира наставниот процес, изборот на задачи и активности од страна на наставниците е прилагоден според возраста на учениците. Најголем дел од наставниците (97,7%) се изјасниле дека кон учениците се однесуваат со почит и разбирање, им помагаат и сорабоуваат со нив секогаш кога е потребно, имено наставникот секогаш излегува во пресрет кон учениците. Сите наставници (100%) одговориле дека за време на часот ги охрабруват учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат и со тоа го поттикнуваат развојот на критичкиот став кај секој ученик поединечно. 93,2% од наставниците одговориле дека секој може слободно да ги искаже своите ставови и мислења. Приодот на наставникот кон учениците е топол, пријателски, правичен и достоинствен.<br>Најголем дел од наставниците (97,7%) сметаат дека училницата е активно, динамично место со добра работна атмосфера, а многу мал дел од нив (2,3%) делумно се согласуваат со ваквото тврдење. Во училиштето владее позитивна клима на соработка меѓу учениците и наставниците, а комуникацијата е на доста високо ниво и на демократски начин. Покрај успешното реализирање на образовниот процес во училиштето сите наставници позитивно влијаат и во воспитувањето на учениците, пред се во процесот на социјализација и усвојувањето на општествените вредности. |

| | |
|---|---|
| | Наставниците во текот на цела учебна година го следат образовниот процес на учениците и за тоа водат целосна евиденција.<br>Родителите сметаат дека училиштето и наставниците ги поттикнуваат учениците да имаат сериозен пристап кон учењето (79,6%) и се задоволни од начинот на реализација на наставниот процес. |
| **5.3. Искуства на учениците од учењето** | Малку повеќе од половина анкетирани ученици ( 57,7%) сметаат дека можат слободно да го искажат своето мислење и тоа сериозно се зема во предвид при решавање проблеми и донесување на одлики во училиште. Додека пак (64,1%) од анкетираните ученици сметаат дека сами донесуваат одлуки кои се битни за нив. Многу од учениците (72,4%) одговориле дека директорот и помошник директот се спремни за соработка и во изнаоѓање на решенија за секојдневните проблеми на учениците во училиштето.<br>Нешто повеќе од половина анкетирани ученици (54.5%) одговориле дека наставниците и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби, како и пречките во процесот на учење и превземаат соодветни активности за остварување, но и отстранување на истите.<br>Учениците сметаат дека нивното училиштето е вистинско место каде можат да усвојуваат знаења, да стекнат работна навика и одговорност. Работната средина и атмосфера во училница е на високо ниво бидејќи ги исполнува сите услови за спроведување непречена настава. Во Гимназијата учениците сакаат и се вклучени во голем број на воннаставни активности, одлично соработуваат меѓу себе и превземаат голема одговорност во реализирањето на истите. |

| | |
|---|---|
| | Достоинствено и одговорно го претставуваат училиштето пред локалната заедница, во државата, но и на меѓународни соработки, размени, натпревари. Учениците сметаат дека постои добра интеракција меѓу нив, како за време на наставните часови, реализирањето на воннаставни активности, за време на одморите, во училишниот двор, но и за време надвор од училиште. |
| **5.4. Задоволување на потребите на учениците** | Во училиштето се води грижа и се идентификуваат образовните потреби на учениците. Наставниците за време на наставните часови ги детектираат способностите и талентите на учениците и ги насочуваат да се приклучат во активности каде ќе ги подобрат своите искуства и вештини. Додатната и дополнителната настава овозмжува преку различен пристап да биде поддржан секој ученик според неговите потреби, со цел постигнување на подобри резултати во потребното поле.<br>Советодавна помош учениците добиваат кога: предметен наставник ќе заклучи дека ученикот има потреба од помош; кога ученикот сам ќе побара помош; кога ученикот покажува несоодветно однесување или има потешкотии во совладувањето на наставниот материјал. Советодавна помош учениците добиваат од раководителот на паралелката, предметните наставници, училишниот педагог и директорот на училиштето. Доколку соодветните лица сметаат дека е потребна помош од други институции, се преземаат навремени мерики кои ќе овозможат ефикасно и брзо решавање на проблемот. Педагошката служба е секогаш отворена за потребите и за решавање на проблемите на учениците, но и за сите убави моменти кои учениците сакаат да ги споделат. Родителите ја знаат улогата на педагошката служба и бараат помош и советување за решавање на потешкотиите што ги имаат учениците во однесувањето или во наставата. За жал има родители |

| | |
|---|---|
| | кои тешко се отвораат и не сакаат да зборуваат за тешкотиите. Решавањето на проблемите го оставаат на училиштето, сметајќи дека тоа е проблем само на вработените. Училиштето во вакви случаи иницира соработка со родителите и им укажува на потребата за заедничко делување и заемно помагање за доаѓање до решение. Учениците се информирани уште при уписот во прва година за помошта што можат да ја добијат од стручната служба на училиштето, од страна на класните раководители, преку советот на родители ,наставниците, директорот и родителите. |

| | |
|---|---|
| **5.5. Оценувањето како дел од наставата** | Начинот на оценувањето на учениците е јасно прикажан во планирањата одговориле најголем дел од наставниците (93,2%), додека 97,7% од наставниците сметаат дека учениците и родителите се добро запознаени со критериумите за оценување на училиштето.<br>Исто така голем дел од учениците (79,5%) сметаат дека се добро запознаени со критериумите за оценување кои постојат во училиштето и дека нивниот напредок континуирано се следи и оценува (73,1%). Скоро половина од учениците (48%) одговориле дека наставниците при оценување користат различни техники кои ги мотивираат да размислуваат и да го постигнат својот максимум.<br>Анкетираните родители сметаат дека во училиштето има јасни критериуми за оценување на знаењето на учениците (63,2%).<br>Во текот на наставната година, во зависност од природата на наставнито предмет, ученикот се проверува и оценува усно или усно и писмено. Предметните наставници применуваат формативно и сумативно оценување и водат чек листа за оценување за секој ученик. По завршувањето на усните одговори на ученикот веднаш му се соопштува оценатa, додека писмените оцени на учениците од страна на наставниците им се соопштува најкасно за десет дена. Секој предметен наставник ја утврдува оценатa и е одговорен за валидноста и објективноста на оценувањето. Учениците се оценуваат во текот на цела учебна година, но квартално се изнесуваат видливи оцени четири пати годишно. Наставнико секогаш е достапен за родителот, а родителот има увид на усните и писмени оцени на своето дете. |

| | |
|---|---|
| **5.6. Известување за напредокот на учениците** | Најголем дел од наставниците (97,7%) одговориле дека училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на учениците.<br>Родителите сметаат дека имаат јасна претстава што учи и како учи нивното дете (80,0%) и е висока бројката на родители кои сметаат дека класните раководители редовно ги известуваат за успехот на нивните деца (92,1%) . Анкетираните родители исто така се изјаснија дека наставниците континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците (71,8%) и дека наставниците кон учениците се однесуваат со почит и разбораење (75,3%). Наставниците им помагаат на учениците и соработуваат секогаш со нив кога е потребно - се изјасниле 70,9% од родителите.<br>Училиштето исто така работи транспарентно на оваа тема и во почетокот на учебната година се прави распоред со определен термин за достапност на секој наставник. Родителите се известени за термините на предметните наставници и имаат можност поединечно да разговаараат со секој предметен наставник за напредокот на ученикот. Стручните соработници исто така имаа целосна евиденција за состојбата на учениците, го следат напредокот на учениците, посебно на оние ученици кои во одреден момент покажале послаб напредок во учењето. |

***Подрачје 3: Учење и настава***

| ***Резултати:*** |
| --- |
| ***Клучни јаки страни:***<br><br>➢ Високо мотивирани и едуцирани наставници отворени за усовршување и унапредување на наставата;<br>➢ Континуирано изготвување на годишни и тематски планови и програми за работа;<br>➢ Целосно применување на интерактивната настава со што се следат најновите трендови во образованието со примена на<br>➢ современи форми, методи и техники;<br>➢ Рамноправност на учениците независно од полот;<br>➢ Еднаква мотивација на сите ученици;<br>➢ Успешност на многубројни натпревари каде учениците се докажале со многубројни награди на регионално, државно,<br>➢ балканско и светско ниво;<br>➢ Успешна идентификација на образовните потреби на сите ученици;<br>➢ Успешно применување на објективност, отвореност и критичност во оценувањето на учениците; |
| ***Слабости:***<br><br>➢ Потреба од обуки на поголем број на наставници за работа со ученици кои имаат психолошка попреченост во развојот. |

***Подрачје 3: Учење и настава***

| ***Анализа на резултатите:*** |
| --- |
| Наставниците во училиштето на почетокот на секоја учебна година изготвуваат годишни и тематски планови и програми за сите наставни предмети, дополнителна, додатна настава и проектни активности што претставува услов за квалитетна настава.<br>Во училиштето меѓусебната комуникација и соработка на наставниците е на високо ниво. Наставниците успешно разменуваат информации и искуства во однос на планирањето на наставниот процес. Наставниот кадар е задоволен од обемот на современи наставни средства кој ги има во училиштето за изведување на квалитетна настава.<br>Примената на интерактивна настава го подобрува квалитетот и ја зголемува заинтересираноста на учениците за време на часовите. Ваквата настава го поттикнува ученикот да учествува во дискусии, го стимулира неговото критичко размислување и придонесува да се подобри квалитетот на изработката на домашните задачи.<br>Во Гимназијата, учениците се чуствуваат рамноправни, не се фаворизираат поединци и подеднакво се ценат и трудот и постигнувањето на поединците.<br>Наставниците преку различни методи ги мотивираат подеднакво сите ученици, со цел што е можно повисок квалитет во наставата. Во училиште наставата се изведува на македонски јазик.<br>Учениците за својот напредок се информираат од наставниците, а родителите се информирани преку свикување на родителски средби, доделување на евидентни листови, електронски дневник и повремени поединечни родителски средби. На крајот од учебната година за постигнатиот успех се информира преку свидетелства, дипломи и е-дневник.<br>Транспарентноста кон родителите е на исклучително високо ниво. Родителите се целосно информирани за наставната програма и критериумите за оценување од самиот почеток на учебната година и сметаат дека нивните деца можат да ја |

| |
|---|
| совладаат наставната програма бидејќи таа одговара на нивната возраст. Родителите исто така се задоволни и од организираноста и изведувањето на вонnаставните активности. Сметаат дека планирањето и реализирањето на воннаставните активности се добро осмислени и позитивно влијаат на напредокот на учениците во наставата и во градењето на општествено одговорна личност. Вклученоста на учениците во најразлични активности создава позитивна клима во училиштето, но и зголемено чувство на одговорност кон заедницата. |
| ***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br>Обезбедување на финансиски средства кои ќе се користат за континуирана набавка на современи нагледни средства и помагала со цел, создавање поуспешно реализирање на наставниот процес и создавање на училиште според европски и светски стандарди.<br>Поголема вклученост на наставниците на семинари и обуки за подобрување на наставниот процес. |

# 6. Подрачје 4: Поддршка на учениците

| | |
|---|---|
| **6.1. Севкупна грижа на учениците** | Училишниот простор е безбеден за изведување на редовна настава. Редовно се проверуваат и навремено се санираат сите делови во училиштето и училишниот двор доколку се утврди дека се опасност по здравјето и живото на учениците. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозор ците, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците. Во текот на изминтите две години променета е |

| | |
|---|---|
| | дограмата во училиштето (прозорци и врати), обезбедени се венецијанки на прозорите од источната и јужната страна со што се создава попријатна клима за работа во училница во топлиот период.<br>Во училиштето (99.9%) од вработените и учениците се осигурани.<br>Според показателите од анкетата, кога е во прашање превенцијата од насилство, сите наставници (100%) одговориле дека се забранува секаков облик на насилство во училиштето. Во училиштето има и тим за борба против сите видови на насилство, кој доста успешно работи на оваа тема. Редовно спроведува активности, предавања и едукативни работилници во кои се вклучени учениците од сите години на образование. Во училиштето има нулта толеранција за секаков вид на насилство.<br>За заштита на учениците и вработените при евентуална природна катастрофа или несреќен случај, училиштето има План за евакуација, има поставено ПП апарати на одредени места во училиштето, постојат шематски прикази за евакуација по катови и повремено се изведуваат симулациони вежби за евакуација од училиштето. Во 2023 година спроведена е симулација на пожар, додека во 2024 година спроведена е вежба како да се евакуираме и заштитиме во случај на земјотрес. Во сите ходници на училиштето поставени се знаци за излез од училиштето, често се организираат информативни предавања како во училиштето од страна на вработените ,така и од компетентни лица од други институции.<br>Дежурните и одговорните наставници се грижат за одржување на дисциплината, редот и безбедноста на учениците за време на одморите, при што под дежурен професорски надзор се сите спратови во училиштето како и училишниот двор. Постојаната комуникација меѓу учениците и |

| | |
|---|---|
| | дежурните наставници потпомага учениците да се чуствуваат сигурни во зградата и училишниот двор.<br>Во согласност со законската регулатива во училиштето постои забрана за пушење, консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции која подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. За таа цел училиштето презема мерки за превенција од болестите на зависност со пропишани процедури за превенција и регистрирање на појави од пушење, алкохолизам и конзумирање наркотици.<br>Преку анкетни прашалници, интервјуа, проекти, предавања и трибини се опфатени скоро сите ученици во процесот на превенција. Училиштето има изготвено Кодекс за однесување на учениците и вработените во училиштето, истиот е усвоен од Наставничкиот совет и е во согласност со веќе постоечкиот Куќен ред во Гимназијата, како и со Правилникот за работа. Куќниот ред на училиштето, доколку има потреба се надополнува и за тоа навремено се информирани сите засегнати категории, наставниците учениците и родителите.<br>Заради информираност на учениците и зголемување на безбедноста во училиштето, по барање на раководството на училиштето, припадници на инспекциските служби на МВР и претставници од Центарот за јавно здравје вршат повремени посети на класните часови или во други соодветни термини и на тие средби ги запознаваат учениците со нелегалната трговија со дрога, им даваат совети како да постапат ако некој им понуди дрога и сл. |

| | |
|---|---|
| | Родителите сметаат дека училиштето води грижа за учениците со телесни пречки во развојот и на тој план училиштето соработува со родителите и релевантни институции сметаат (78.5%) од родителите. Во училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со преч ки во развојот/физичка попреченост. Инклу зивниот тим на училиштето/ученикот ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на ученикот. Училиштето соработува со родителите, и доколку е потребно и со други релевантни институции и организации во обезбедувањето грижа за учениците со пречки во развојот и физичка попреченост. Училиштето користи соодветни механизми за поттикнување и на соучениците во давањето помош и грижа за овие ученици.<br>Пристапот во училиштето делумно е приспособен за потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. За учебници со физички хендикеп (не подвижни во количка) достапен за движење е само хидникот и училниците на првиот спрат. Инвентарот во училниците е соодветен на потребите на учениците и постои приспособен тоалет за ученици со физичка по преченост што е достапен за нивна употреба. Во текот на изминатите две години во училиштето имавме само еден ученик со физичка попреченост во развојот за кој беа обезбедени сите услуви за реализирање на непречена настава.<br>Училиштето редовно организира хуманитарни акции за поддршка на социјлно загрозени семејства сметаат (77.2%) од родителите и потврдуваат дека во училиштето се води соодветна грижа за учениците од социјално загрозените семејства (75.7%) . Во училиштето целосно се поддржуваат учениците од социјално загрозени семејства иако во нашето училиште ваквиот број на ученици е многу мал. Во текот на секоја учебна година во училиштето се организираат неколку |

| | |
|---|---|
| | хуманитарни акции (за училишен прибор, храна, облека) и поголем дел на донираните средства училштето ги дава во семејства чии деца не се наши ученици.<br>Грижата за учениците независно од полот, нивната безбедност и заштита, училиштето ја остварува низ ефективни форми и активности. |
| **6.2. Здравје** | Здравјето на учениците и вработените е еден од главните приоиритети на институцијата. Училиштето води грижа за хигиената, менталното и физичкото здравје на учениците.<br>Голем е бројот на ученици (80,8%) кои се задоволни од хигиената во училиштето и училишниот двор, а (79,7%) од нив одговориле дека состојбата на хигиената е резултат од нивната грижа.<br>(76.1%) од родителите сметаат дека во училиштето се води грижа за физичкото и психичкото здравјето на учениците и дека учениците слободно соработуваат со стручната служба и добива соодветна психо-социјална поддршка сметаат (72.5%) од анкетираните родители. Училиштето (преку стручната служба) води грижа за навремено откривање и помош на учениците со проблеми и потешкоти сметаат (71.7%) од родителите и приближно толку родители (74.1%) сметаат дека во училиштето се промовира здрав живот преку работилници, предавања, настава и други активности.<br>Во случај на болест на некој ученик или родител на ученик, или некаков вид на несреќен случај, вработените и учениците во училиштето организираат хуманитарни акции за помош на тие ученици или родители на ученици (концерти, спортски натпревари, театарски претстави).<br>Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето редовно врши дезинфекција, |

| | |
|---|---|
| | дезинсекција и дератизација. Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е секогаш чист. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци.<br>Во последните две години извршен е систематски преглед на вработените, додека секоја година се врши санитарен преглед на сите вработени. Учениците во четврта година одат на систематски преглет, а училиштето одговорно учествува во организацијата и соработката со здравствените институции.<br>Училиштето применува механизми за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми (развод на роди телите, болест во семејството, трауми од кон фликти и насилство во семејството). Стручните соработници им помогнат на учениците и на родителите во вакви ситуации или ги упатат до релевантните институции (здравствени установи, центар за социјална работа, полиција, граѓански здруженија итн).<br>Училиштето редовно ги следи и ги надградува информациите во врска со здравствените протоколи во државата и истите веднаш ги применува, информирајќи на официјалната веб страна на училиштето ,фејсбук страна ,но и директно за време на часови.<br>Во училиштето често се одржуваат и стручни предавања за сексуално воспитување, предавања за здравствена заштита, за емоционалните прашања, проблеми и.т.н. Оваа проблематика е опфатена во наставните програми од одделни предмети и во програмата за работа на класниот час. |

| | |
|---|---|
| **6.3. Советодавна помош за понатамошно образование на ученците** | Повеќе од половина од учениците 57,5% се задоволни од информациите кои училиштето ги обезбедува за можностите за понатамошно образование и запишување на факултет, како и доусовршување и вработување, додека останатите сметаат дека таквиот вид на информации треба да ги бараат надвор од училиштето.<br>Дури 90,9% од наставниците сметаат дека училиштето им овозможува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за натамошно образование.<br>Голем е и процентот на родители (72,2%) кои сметаа дека училиштето работи на полето на професионално орентирање и информирање на учениците, со што им го олеснуваат изборот на идно образование и професија.<br>Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование преку соработка со факултети во и надвор од земјата. Во текот на учебната година во училиштето доаѓаат претставници од факултетите кои ги информираат учениците за нивните студиски програми  и им даваат промотивен материјал. Во училиштето од страна на обучен кадар се спроведува  и тестирање за професионална орентација и на ова поле училиштето редовно соработува со Агенцијата за вработување во  Битола.<br>Преку разговори со учениците имаме сознание дека голем е процентот на ученици кои при уписот во прва година  не направиле правилен избор на подрачјето кои го избрале. Сметаат дека позрело можат да одлучат за избор на подрачје кога се запишуваат во трета година и дека многу им е важна поддршката, советите и мислењето дадено од страна на нивните професори при изборот на подрачјето/смерот. |

| | |
|---|---|
| **6.4. Следење на напредокот** | Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), за напредокот, редовноста и поведението на учениците како и за нивниот развој.<br>Родителите, редовно, најмалку 4 пати годишно, се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби.<br>За напредокот на учениците се дискутира и на класните совети и наставничкиот совет, кој по потреба предлага и презема мерки за подобрување на поведението на учениците. За учениците кои имаат негативни оценки по три или повеќе предмети, училишниот психолог ги поканува писмено родителите кои имаат законска обврска да дојдат на советување. Советувањето на родителите го врши психологот врз основа на Законот за средно образование. На совети на паралелка се издвојуваат (идентификуваат) ученици кои се истакнуваат во својата работа (талентирани ученици) како и ученици кои заостануваат во своите постигања.<br>Во евидентирањето на успехот на учениците како и на нивниот напредок, редовност и поведение учествуваат сите субјекти кои се вклучени во образовниот процес во училиштето. Првичната слика за учениците ја имаат класните раководители, училишниот педагог, социолог кои понатаму тековно го следат секое нивно напредување во стекнувањето на нови знаења. Нивниот правилен напредок доведува до изградување на сестрано образовани личности.<br>Класните раководители на крајот на секое тримесечје поднесуваат извештај за успехот на секој ученик, целиот клас и успех на учениците по предмети, слаби оценки по ученици и слаби оценки по предмети. |

| | |
|---|---|
| | Во текот на овој процес од големо значење е и редовноста на учениците во извршувањето на секојдневните задачи како и нивното примерно поведение. <br> Училиштето постојано наоѓа начини да ги стимулира талентираните ученици, независно од која област е нивниот талент и нивните постигнувања да ги презентира како во рамките на училиштето, така и надвор од него. Во зависност од потребите на учениците во училиштето се реализираат најразлични активности во кои се вклучуваат учениците за да го искажат, но и надоградат својот талент. |

***Подрачје4: Поддршка на учениците***

| |
|---|
| ***Резултати:*** |
| ***Клучни јаки страни:*** <br><br> ➢ Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. За таа цел училиштето соработува со локалните субјекти и наоѓа начин за спречување на користење на алкохол и наркотици во училиштето и надвор од него. <br> ➢ Училиштето организира хуманитарни акции во кои активно учество земаат ученици и вработени со цел да им се помагне на ученици од социјално загрозени семејства. |

- Училиштето ги следи емотивните, социјалните и физичките потреби на своите ученици и доколку има потреба презема активности за нивно подобрување .
- Соработува со родителите постојано ,избирајќи различни средства и начини за комуникација. На тој начин од нив добива информации, а потоа и дава повратни информации за социјалниот, емоционалниот, физичкиот и психомоторниот и интелектуалниот развој на ученикот.
- Соработува со други служби и институции од локалната заедница (Служба за ментално здравје на деца и млади, Центар за социјална работа , општината, Црвениот крст и др.)
- Следење на напредокот (евиденција за постигањата на учениците по пол, етничка припадност, редовност и поведение).
- Педагошката служба е секогаш достапна и отворена за соработка со учениците, родителите и наставниците.
- Безбедноста и хигиенските услови се на задоволително ниво.
- Изградена политика на училиштето за превенција и справување со насилство и намалување на насилството во училиштето.
- Учениците учествуваат на натпревари (општински, регионални републички и меѓународни олимпијади) каде што постигнуваат високи резултати. Училиштето јавно ги промовира постигнуивањата на учениците и ги подржува на секој можен начин.
- Успешна соработка и целосна подршка на учениците од страна на директорот, наставниоит кадар и стручната служба во изведувањето на наставата.
- Успешна и постојна соработка со родителите.
- Целосен увид во евиденцијата за напредокот, редовноста и поведението на учениците.

***Слабости:***

- Недоволна соработка со дел од родителите (затвореност за потешкотиите и проблемите).
- Во училиштето нема донесен правилник за избор на ученик на генерација

***Подрачје4: Поддршка на учениците***

***Анализа на резултатите:***

***Подетална евалуација на ова подрачје***

Нашето училиште води грижа за сите ученици независно од полот и возраста и социјалната припадност и местото на живеење. Им излегува во пресрет и ги поддржува сите ученици кои имаат потреба од стручна помош како и ученици кои имаат пречки во физичкиот развој. Помага на учениците од социално загорзени семејства и редовно организира хуманитарни акции. Се грижи за нивната безбедност, здравје и на секој можен начин се подобрува во овој правец. За поддршката на учениците да биде комплетна, училиштето соработува и со релевантни институции од локалната заедница. Училиштето им помага и ги поддржува учениците во изборот на факултетско образование и им насочува соодветни институции кои можат да им помогнат од стручен аспект. Напредокот на учениците се следи постојано и за нивниот напредок родителите добиваат постојано и навремено информации. Увид во евиденцијата за напредокот на учениците имаат сите инволвирани во тековниот образовен процес како што се родителите, учениците и наставниците.

***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***

| |
|---|
| Континуирани и навремени споредбени анализи за успехот и редовноста на различни генерации ученици.<br>План и програма за грижа на менталното здравје на учениците |

# 7. Подрачје 5: Етос – училишна клима

| | |
|---|---|
| **7.1. Училишна клима и односи во училиштето** | Угледот на училиштето е на високо ниво и сите вработени и ученици се грижат за одржување на имиџот на училиштето.<br>Во училиштето владее позитивна клима како резултат на континуираната соработка помеѓу наставниците, наставниците и учениците, родителите со наставниците и раководниот кадар, поттикнувањето на другарството и соживотот помеѓу учениците.<br>Во училиштето постои позитивна клима - сметаат 88,6% од наставниците.<br>86,1% од учениците се изјасниле дека се чуствуваат безбедно на училиште.<br>Според родителите (92,2 %) училиштето е сигурно место за нивното дете и задоволени се од хигиената во училиштето и во училишниот двор (90.2%).<br>Училиштето има Кодекс на однесување за учениците и наставниците и со него се запознаени сите структури во училиштето и истиот се почитува.<br>Поведението на сите ученици е примерно и дисциплината е на високо ниво. Изготвен е Правилник за изрекување педагошки мерки доколку има прекршување на кодексот или има друг основ за изрекување педагошка мерка. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето поседува Статут кој се применува соодветно.<br>Училишната заедница учествува во донесувањето одлуки и решавање проблеми во текот на наставниот процес.<br>Учениците можат да го искажат своето мислење и тоа сериозно се зема предвид при решавањето проблеми и при донесување на одлуки сметаат (66.3%) од родителите.<br>Во училиштето успешно функционира Младински актив кој ги вклучува сите претседатели на класните заедници, кои се состануваат и дискутираат на различни теми, даваат предлози и донесуваат одлуки во интерес на учениците. |

| | |
|---|---|
| **7.2. Промовирања на постигањата** | Училиштето се промовира во електронските медуми и преку социјалните мрежи, а официјалните информации можат да се следат и на WEB- страна на училиштето.<br>На церемониите за одбележување на патрониот празник, директорот на училиштето доделува благодарници за особен придонес и достигнувања во училиштето на учениците и професорите.<br>Општина Битола, исто така, често го промовира нашето училиште. Ги промовира и парично ги наградува нашите ученици преку конкурси за наградување на талентирани и надарени ученици.<br>За тоа дека јавното промовирање на постигањата на учениците е од исклучителна важност и истото се спроведува во нашето училиште со ова се согласуваат 93,2 % од наставниците и 80,3% од учениците.<br>Промовирањето на личните постигнувања на учениците и постигнувањата во име на училиштето се прави во текот на целата учебна година, со објавување на слики и соодветен текст на социјалните мрежи и во електронските медиуми.<br><br>http://gimnazija-jbt-bitola.edu.mk<br><br>https://www.facebook.com/p/%D0%A1-%D0%9E-%D0%A3-%D0%93%D0%B8%D0%BC%D0%BD%D0%B0%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%88%D0%BE%D1%81%D0%B8%D0%BF-%D0%91%D1%80%D0%BE%D0%B7-%D0%A2%D0%B8%D1%82%D0%BE-%D0%91%D0%B8%D1%82%D0%BE%D0%BB%D0%B0-100063534973176/?locale=mk_MK |

| | |
|---|---|
| **7.3. Еднаквост и правичност** | Во Гимназијата, целосно се почитуваат правата на децата. Класните раководители и стручната служба организираат работилници за запознавање на учениците со детските права и ги охрабруваат и поддржуваат да пријават доколку постои непочитување на истите.<br>Во нашето училиштето имаме тело - Дете правобранител и 2 заменици кои се грижат за спроведување правата на децата во училиштето, одбележување на денови за правата на децата со соодветни активности, и делуваат доколку имаат пријава за непочитување на истите, Детето правобранител соработува со наставниците, стручна служба и Детскиот правобранител на државно ниво.<br>Многу од учениците односно 80,3% одговориле дека училиштето не прави разлика меѓу нив според пол, етничка и религиозна припадност. Според анкетатата, 93,6% од учениците целосно ги почитуваат правилата за однесување во училиштето и куќниот ред, а 65,8% сметаат дека наставниците се одесувааат со почит и разбирање кон нив како и тоа дека соработуваат со нив без предрасуди.<br>Во училиштето не се прави разлика меѓу учениците според полот, социјалното потекло, етничката и/или религиозната припадност сметатат (81.2%) од родителите.<br>97,7% од наставниците сметаат дека во училиштето не се прави разлика меѓу учениците според полот, етничката и религиозната припадност<br>Исто толкав дел (97,7%) од наставниците се изјаснуваат со највисока оценка дека се однесуваат со почит и разбирање кон учениците, а им помагаат и соработуваат со нив кога е потребно.<br>Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. |

| | |
|---|---|
| | Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност.<br>Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите).<br>Учениците се учат, преку работилници и предавања, како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.<br>Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата.<br>Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Р.С. Македонија, без оглед на која етничка група.<br>Без разлика дали учениците се од различен пол или се од различно етничко потекло, досега не се појавени непочитувања помеѓу нив.<br>Училиштето преку план и програма за работа на класните часови, преку функционирање на класните заедници, Младинската училишна заедница, Детето правобранител помага во изградувањето на коректен однос на наставникот кон сите ученици и меѓу сите ученици од целото училиште. |
| **7.4. Партнерски однос со** | Училиштето соработува со родителите, локалната средина и други организации, сметаат 95,4% од наставниците. |

| | |
|---|---|
| **родителите и со локалната и деловната заедница** | Дека училиштето е отворено за соработка со родителите се изјасниле (88,2%) од анкетираните родители и се согласуваат дека имаат добра соработка со класните раководители и другите наставници (92.6%).<br>Училиштето ги прифаќа иницијативите и сугестиите на родителите сметаат 73.3% од родителите.<br>Училиштето со родителските средби, индивидуалните разговори и консултации со родителите и со Советот на родители, настојува колку што е можно повеќе да ги поттикне и да ги вклучи родителите во образованието на своите деца и во животот на училиштето.<br>Родителите се директно запознаени и вклучени во сите активности на училиштето.<br>Училиштето остварува соработка со Советот на родители континуирано во текот на целата учебна година.<br>Советот на родители разгледува прашања од работата на училиштето, го разгледува успехот, редовноста, соработува со директорот, наставниците и стручната служба, учествува во организација на екскурзиите и донесува одлуки.<br>Училиштето има добра соработка со сите субјекти од поголемо значење на училиштето.<br>Оваа соработка се постигнува преку:<br>- медиумите - промовирање на постигањата на учениците и информирање за сите активности во училиштето;<br>- локалната самоуправа - преку финансиска, логистичка и друга поддршка;<br>- локалната заедница – факултети, компании, институции од различни области, граѓански организации, младински организации и други субјекти од општествениот живот. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето постојано соработува со другите училишта од општината, државата и пошироко, со високо образовните институции од државата и надвор од државата (приватни и државни факултети) со цел да им се даде можност на учениците да се развиваат во оној правец во кој ги покажуваат и изразуваат своите желби, интереси.<br>Соработката со локалната заедница се остварува во континуитет преку спроведување заеднички проекти, различни културни манифестации, хуманитарни акции, посети и сл. |

***Подрачје 5: Етос – училишна клима***

| ***Резултати:*** |
|---|
| ***Клучни јаки страни:***<br>➢ Позитивни меѓучовечки односи и позитивна клима;<br>➢ Имплементирање на Кодексот на однесување;<br>➢ Соработка меѓу колегите;<br>➢ Безбедни услови за работа;<br>➢ Промовирање на реализираните активности;<br>➢ Постигнување на извондредни резултати на сите активи во разни државни, регионални и меѓународни натпревари;<br>➢ Промовирање на постигнувањата на учениците;<br>➢ Редовно информирање на учениците и родителите по електронски, писмен и устен пат;<br>➢ Еднаквоста и правична полова и етничка застапеност на учениците во училиштето;<br>➢ Почитување на правата на децата;<br>➢ Почитување на сопствената култура и традиција и почитување на разликите од другите;<br>➢ Континуирано следење на личните постигања на учениците и на училиштето;<br>➢ Мотивирање на учениците и севкупна грижа за учениците;<br>➢ Успешно функционирање на Младинска училишна заедница; Младинскиот актив и Дете правобранител;<br>➢ Соработка со стручната служба;<br>➢ Соработка со родителите; |

- Соработка со Локалната самоуправа, медиумите и др;
- Соработка со Локалната заедница;
- Учество во хуманитарни акции; волонтерски акции и настани од секаков вид во интерес на заедницата.

***Слабости:***

- Недоволно изградени критериуми за наградување на наставниците;
- Недоволно изградени критериуми за наградување на учениците со исклучителен успех и постигнувања.

## *Подрачје 5: Етос – училишна клима*

***Анализа на резултатите:***

Училиштето е препознатливо според квалитетот на работење и постигнувањата на учениците во различни области.

Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи и позитивна клима.

Учениците и вработените се грижат за угледот на училиштето.

Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето (на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот персонал, учениците и родителите). Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште). Успешно функционираат Младинскиот актив и Дете правобранител.

Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности.

Училиштето ги промовира постигнувања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина. Учениците имаат можности преку различни активности да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности.

Еднаквоста и правичната застапеност на учениците независно од полот и националноста припадност се овозможува уште при запишувањето на учениците во прва година.

Училиштето се труди да овозможи еднаков третман кон сите ученици.

Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.

Учениците ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници.

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата.

Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето организира работилници за да ги запознае учениցте со нивните права.

Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите што учествуваат во училишниот живот. Соработката помеѓу педагогот, психологот, социологот, наставниот кадар, раководниот орган, родителите и другите субјекти успешно се справуваат со проблемите на учениците. Тие имаат беспрекорна координација со родителите во решавањето на проблемите.

Соработката на училиштето со родителите се постигнува најмногу преку Советот на родители и родителските средби. Родителите се поттикнуваат активно да се вклучат во наставниот процес.

| |
|---|
| Училиштето е активно вклучено во животот на општината и заедницата преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани. Училиштето го поддржува граѓанскиот активизам и волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата.<br>Училиштето има успешна соработка со локалната самоуправа, медиумите и локалната заедница и тоа со учество на ученици на разни трибини и манифестации, соработки со институции, помош од нивна страна за учество на натпревари во државата и надвор од неа и други соработки. |
| ***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br><br>Прибирање на податоци преку анкети со ученици, родители и наставници за меѓусебните односи на ученик-ученик, родител-дете, ученик-наставник и наставник-наставник.<br>Поттикнување на почеста употреба и користење на е-дневникот од страна на родителите со цел за и поголем увид во наставниот процес.<br>Планирање на активности за поголема вклученост на родителите во целокупниот воспитно – образовен процес.<br>Изработка на правилник/ критериуми за наградување на наставниците и нивно поголемо мотивирање во извршувањето на работните задачи.<br>Во тек е изработка на Правилник за наградување на учениците кои постигнуваат особени резултати и освојуваат награди. |

# 8. Подрачје 6: Ресурси

| | |
|---|---|
| **8.1. Сместување и просторни капацитети** | Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>50% од наставниците сметаат дека имаат соодветен простор за работа што е показател за максималната искористеност на просторот со голем број на ученици по просторија, додека 34,1% сметаат дека работниот простор е на добро ниво.<br>Според учениците во анкетата 75,6% сметаат дека просторните можности во училиштето се на задоволително ниво, додека 62,3% од нив се задоволни од училишната библиотека и книгите што им се потребни се секогаш достапни за нив.<br>Училишниот простор е удобен, сигурен и поттикнувачки (83.9%) сметаат родителите. |
| **8.2. Наставни средства и материјали** | Училиштето располага со соодветни наставни средства и помагала, вклучувајќи современа стручна литература, учебници, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ опрема и ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови.<br>77,3% од наставниците сметаат дека обемот и современоста на наставните помагала овозможува квалитетно изведување на наставата, а помал процент сметаат дека обемот и современоста на наставните помагала е на нешто пониско ниво.<br>Според мислењето на наставниците библиотеката во доволна мера ги задоволува потребите на училиштето (86,4%). |

| | |
|---|---|
| | Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат нив во наставата и учењето.<br>Две третини од учениците 66% сметаат дека опременоста со нагледни средства се на задоволително ниво.<br>Повеќе од половина од учениците 51,1% одговориле дека преку користење на различни методи од страна на наставникот, тие се мотивирани и имаат изградено успешна комуникација, нешто поголем е процентот на учениците (59,8%) кои сметаат дека наставникот за нив претставува авторитет.<br>Додека пак 65,8% од учениците одговориле дека наставниците се однесуваат со почит кон нив.<br>Родителите се задоволни од опременоста на училиштето со наставни средства и помагала (78,8%).<br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни помагала и истите се составен дел од наставната програма.<br>Училиштето врши континуирано обновување со што е во содејство со современите наставни текови. |
| **8.3. Обезбедување** | Училиштето има вработено наставници и стручни соработници за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и тие се со соодветно образование согласно со нормативите. |

| | |
|---|---|
| **на потребниот наставен кадар** | При вработување на наставници и стручни соработници се почитуваат законите, подзаконските акти и нормативот.<br>Бројот на вработени како наставен кадар во Гимназијата изнесува 51. Наставниот кадар е ефективно распореден и соодветствува со предметот кој го предава согласно со нормативите.<br>Училиштето има стручни соработници што им даваат поддршка на наставниците во реализација на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање со ветодавна помош за работа со учениците и за работа со деца со посебни образовни потреби. |
| **8.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | Училиштето на основа на личните планови за професионален развој ги идентификува потребите на наставниците и изготвува програма за професионален развој при што ги има пред вид основните професионални компетенции за наставници.<br>Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки.<br>За тоа дека новите вработени постепено се воведуваат во работата со соодветна поддршка се изјасниле 90,9% од вработените, а 72,8% одговориле дека им е овозможено постојано стручно усовршување. |
| **8.5. Финансиско работење на училиштето** | Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребната количина за реализација на наставните и вонnаставните активности согласно училишниот план.<br>Постапки за финансиското работење да биде добро спроведено и контролирано, потребните средства се планираат на годишно ниво како по приходи така и се предвидува нивната реализација |

| | |
|---|---|
| | по пооделни трошоци. Плановите се изготвуваат месечно и квартално за една календарска година и се доставуваат на усвојување на Училишен одбор. Истите се доставуваат до Министерството за образование и наука и до Локалната заедница. Училиштето ги информира вработените за трошењето на средствата секоја година по изработката на завршната сметка. Училишниот одбор редовно го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Училиштето располага со доволно финансиски средства за квалитетна работа сметаат 71.8% од родителите. |

***Подрачје 6: Ресурси***

| ***Резултати:*** |
|---|
| ***Клучни јаки страни:*** <br> ➢ Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставниот кадар и наставата на учениците. <br> ➢ Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, литературата на странски и на изборни странски јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотеката има читална која располага со компјутер и пристап до интернет. |

- Ефективно и ефикасно користење на расположливите наставни средства, стручна литература и помагала, како и ИКТ опремата и интернетот во наставата и учењето.
- Планирање и навремено обезбедување потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности.
- Задоволителна присутност на наставниот кадар и другиот персонал – причина за поквалитетно образование и воспитание;
- Сите наставници се со високо образование;
- Вклученост на наставниот кадар во посета на најразлични семинари и обуки, кои се идентификуваат врз основа на изработените лични планови за професионален развој од страна на секој наставник.
- Максимална искористеност на расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности;
- Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за непречено реализирање на воспитно-образовниот процес на наставниците ефективно придонесуваат во работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи.
- Постојана поддршка и отвореност за соработка на стручната служба со наставниот кадар, учениците и родителите;
- Поседување на низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки и семинари на наставниот кадар;
- Обезбедување на професионален развој на наставниот кадар и оддавање на признанија.
- Рационално и наменско користење на финансиските средства во училиштето и во согласност со законските норми.
- Добра информираност на вработените и транспарентност на училиштето во врска со планирањето и трошењето на училишниот буџет.

***Слабости:***

- Потребна реконструкција на покривот на Гимназијата.

***Подрачје 6: Ресурси***

***Анализа на резултатите:***

Во училиштето постојат и успешно работат стручни активи кои редовно и целосно си ги извршуваат своите задачи во кои наставниците успешно работат како тим.

Наставниот кадар во училиштето е со високо образование, дел од настравниците се магистри и доктори на науки, а дел се на постдипломски студии.

За квалитетот во работата на наставниот кадар редовно се посетуваат семинари и обуки кои се организирани од Бирото за развој и МОН, како и онлајн обуки од различни организации во и надвор од земјата.

Работата на наставниот кадар редовно е следена од страна на директорот и стручната служба, а воедно на нововработените наставници на Наставнички совет им се доделува ментор кој го подготвува приправникот за натамошната работа. Новите вработени постепено се воведуваат во работата со соодветна поддршка.

***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето.***

Набавка на програма за водење електронска евиденција за издадени и вратени книги во училишната библиотека.

***Спроведени активности:***

Доопремување на училниците;

Набавка на современи нагледни средства и помагала во училиштето и за наставниот кадар;

Реконструкција на внатрешниот дел - ентериерот на училиштето, со посебен акцент врз замената на внатрешните дрвени врати и замената на подни плочки на третиот кат од Гимназијата.

Во тек е:

- реновирање и доопремување на хемискиот кабинет,
- реконструкција на таваните од училниците на третиот кат,
- реконструкција на надворешните скали, парапетен ѕид, замена на старата ограда со ограда од ковано железо и летна училница.

# 9. Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

| | |
|---|---|
| **9.1. Управување и раководење со училиштето** | Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето.<br>Раководството се грижи за реализација на развојниот план сметаат 97,7% од анкетираните наставници. |

| | |
|---|---|
| | 93,2% од анкетираните наставници сметаат дека раководството бара одговорност и работна дисциплина, а 93,2% дека навремено ги информира вработените.<br>Дека раководството има јасна визија за развојот на училиштето согласно потребите сметаат 90,9% од наставницте, а 95,4% сметаат дека раководството соработува со родителите, ЛС и други организации.<br>90,9% од наставниците сметаат дека се или умерено се вклучени во планирање на развојот на училиштето.<br>Родителите се задоволени од управувањето и организацијата на училиштето (84.3%) и сметаат дека раководството соработува со родителите (82.8%). |
| **9.2. Цели и креирање на училишна политика** | Мисијата и визијата на училиштето се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓу етничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици.<br>Дека раководството создава услови за учество на учениците во одлучувањето за организацијата на училиштето се изјасниле 58,6% од анкетитраните ученици, а 45,9% сметаат дека при креирањето на развојниот план се зема предвид мислењето на учениците.<br>Училишниот одбор е конституиран согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето.<br>Состаноците се одржуваат со мнозинство членови, со потребен кворум. |

| | |
|---|---|
| | Преку Наставничките совети сите наставници се информирани за одлуките на Училишниот одбор кои се однесуваат на воспитно-образовниот процес.<br>Училишниот одбор и раководниот орган имаат воспоставено партнерски однос што се констатира од прашалникот за членовите на УО.<br>Надлежностите за управување и административните обврски се јасно дефинирани.<br>Раководниот орган се залага за модерна дидактика, фокусирана подеднакво на изучување на природно - математичката група предмети, општествените предмети, јазиците и предметите кои се во функција на средното гимназиско образование.<br>Кај вработените развива доверба и ги мотивира за тимска работа, секогаш обезбедува комуникација која се темели на меѓусебна соработка и почитување, соработува со другите училишта, организации и локалната самоуправа.<br>Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење, што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.<br>Приоритетно беше воспитување и образување на учениците преку подигнување на еколошката свест, зголемување на одговорноста на учениците, намалување на отсуствата од часови и подигнување на квалитетот на наставата со примена на интерактивна настава и примена на ИКТ во реализацијата на наставните содржини.<br>Учениците преку низа активности, а пред се со подобрување на успехот и редовноста активно учествуваат во реализирањето на целите и успешноста на училиштето. |

| | |
|---|---|
| | Сите вработени активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на поставените цели.<br>Одговорен за годишното планирање е директорот и училишниот одбор.<br>Годишното планирање ги опфаќа сите податоци кои се потребни реално да ја прикажат сликата за училиштето.<br>При планирањето се имаат во предвид просторните капацитети, бројот на учениците, паралелките, наставниот кадар, распределбата на часови, нагледните средства и материјали. |

***Подрачје 7: Раководство, креирање политика***

***Резултати:***

***Клучни јаки страни:***

- Континуирани контакти и консултации на раководната структура со вработените при разрешувањето на проблеми во училиштето.
- Јасно поделени одговорности во раководните тела и органи и меѓусебна соработка.
- Информираност на сите субјекти кои се вклучени во образовниот процес во креирањето и планирањето на училишната политика.
- Правилно, законско и успешно работење на Училишниот Одбор и раководниот орган и редовно, детално и сеопфатно информирање за својата работа.
- Добра комуникација меѓу органот на Раководење и органот на Управување со другите структури на училиштето.
- Постоење на јасно изготвени програми за работа на двата органи, дефинирани со деловникот за работа.
- Професионалност, компетентност и посветеност во извршувањето на работните задачи.
- Објективно оценување на вработените и вреднување на нивниот придонес во тимската работа од страна на раководниот орган.
- Визија за преземање понатамошни активности за подобрување на условите за работа во училиштето.
- Навремено информирање на членовите за одржување на состаноците.

- Прецизно и јасно дефинирани надлежности на органите.
- Секогаш обезбеден кворум за одржување на состаноците.
- Учество на директорот на сите семинари, обуки и состаноци на кои се разгледуваат важни прашања за работата на училиштето.

***Слабости:***

- Делумна обученост на наставниците за изработка и аплицирање на меѓународни проекти и потреба од дополнителни обуки.

### *Подрачје 7: Раководство, креирање политика*

***Анализа на резултатите:***

Во училиштето успешно функционираат Училишниот одбор, Советот на родители и директорот на училиштето на што укажува постоењето на позитивна клима во истото. Раководниот тим во училиштето редовно одржува состаноци со сите тимови во училиштето како што се тимот за проекти, активите на наставниците и други. Консултациите на релација раководен тим и други субјекти на училиштето се на задоволително ниво. Училиштето има изградено кодекс на однесување на учениците што во голема мера придонесува за подобрување на дисциплината на учениците.

Во креирањето на политиката на нашето училиште учествува раководниот тим на училиштето. За политиката на училиштето се информираат сите инволвирани страни во образовниот процес преку соодветните органи. Училиштето има изградено коректни односи со Заводот за здравствена заштита што овозможува редовна здравствена контрола на учениците и наставниците, се со цел водење грижа за нивното здравје и едукација. Во нашето училиште покрај другите предмети се

| |
|---|
| изучуваат странските јазици (англиски, германски, француски). Во изготвувањето на годишните планирања учествуваат сите субјекти вклучени во образовниот процес во училиштето. Побезбедно и поуспешно планирање се врши преку искажување и на негативните страни на училиштето. |
| ***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето***<br><br>Едуцирање на наставниот кадар за долгорочно планирање.<br>Едуцирање на наставниот кадар за изработка на проекти. Поголемо вклучување на наставниците во креирањето на целите и политиките на училиштето. |

# 10. SWOT – Анализа

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| ➢ Во целост се реализираат наставните планови и програми во согласност со програмските документи донесени од МОН и одобрени од МОН по пропишаниот обем. | ➢ Според учениците наставниот материјал е обемен и несоодветен за возраста и им е потребна дополнителна помош за усвојување на истиот. |
| ➢ Во сите наставните програми се постигаат целите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. | ➢ Недоволна вклученост на родителите во реализацијата на воннаставните активности. |
| ➢ Се постигнува навремена и точна информација до членовите на Совет на родители, родители и ученици за целите на наставните планови. | ➢ Недоволната оспособеност на наставниот кадар за изработка на програми за работа со ученици со посебни потреби. |
| ➢ Училиштето има пропишана процедура за изготвување на ИОП и формирање на инклузиваен тим на детето со целосна соработка на родителите. | ➢ Недоволно учество на наставниците во креирањето и осовременување на наставните планови и програми од страна на МОН и БРО |
| ➢ Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети во секое подрачје а учениците имаат потоплна слобода при избор на изборен предмет. | ➢ Просторно ограничување во училиштето за реализација на дополнителни и додатни часови |
| ➢ Секој ученик согласно сопствените желби, интереси и потреби се изјаснува за изборот на едно од трите подрачја, а секое од нив содржи комбинација А или Б | ➢ Не се отсликуваат реалните знаења на учениците според изработените тестови и писмени работи. |
| ➢ Соработка со локалната заедница за успешно реализирање на наставни и воннаставни активности. | ➢ Да се користат различни методи за создавање на активна, динамична и продуктивна училница |
| ➢ Во училиштето се негува меѓуетничката и родовата рамноправност. | ➢ Потреба од обуки на поголем број на наставници за работа со ученици кои имаат психолошка попреченост во развојот. |

| | |
|---|---|
| ➢ Реализирање на нови идеи, планови, програми и иновации според потребите на учениците, родителите и наставниците; | ➢ Недоволна соработка со дел од родителите (затвореност за потешкотиите и проблемите) |
| ➢ Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните содржини од наставните планови и програми | ➢ Во училиштето нема донесен правилник за избор на ученик на генерација |
| ➢ Наставните планови и програми по сите наставни предмети содржински се квалитетно сработени. | ➢ Недоволно изградени критериуми за наградување на наставниците; |
| ➢ Ангажман и желба на наставниците за афирмирање на училиштето во општината и пошироко преку учеството во разните манифестации и натпревари; | ➢ Недоволно изградени критериуми за наградување на учениците со исклучителен успех и постигнувања |
| ➢ Секој ученик согласно сопствените желби,интереси и потреби зема учество во работата на некои од воннаставните активности. | ➢ Потребна реконструкција на покривот на Гимназијата. |
| ➢ Училиштето обезбедува голем избор на воннаставни активности каде што учество земаат речиси сите од учениците | ➢ Делумна обученост на наставниците за изработка и аплицирање на меѓународни проекти и потреба од дополнителни обуки. |
| ➢ Рамноправност при вклучувањето на ученици во воннаставните активности од различна родова, полова,етничка и социјална припадност | |
| ➢ Изготвени програми за реализација на проектни активности. | |
| ➢ Во училиштето според резултатите се усвојуваат знаења а податоците за постигнувањето на учениците се прибираат, користат и анализират. | |
| ➢ Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигнувањата на учениците. | |

| | |
|---|---|
| ➢ Наставниците обезбедуваат поддршка на ученици што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и доколку има и на ученици со пречки во развојот. | |
| ➢ Јавно се промовираат постигнувањето на учениците. | |
| ➢ Редовно и навремено одржување на додатни и дополнителни часови; | |
| ➢ Системски се следи редовноста на учениците, се анализираат причините за отсуство од наставата и се преземаат конкретни активности. | |
| ➢ Зголемена соработка со родителите преку класните раководители и реализираните советувањата на родителите од страна на стручната служба. | |
| ➢ Во училиштето осипани ученици, а бројот на отпишани ученици на годишно ниво е релативно многу мал, по што се почитува постапката за премин од едно во друго училиште. | |
| ➢ Во училиштето нема осипани ученици ниту ученици кои во последните две години ја повториле наставната година. | |
| ➢ Примена на критериумите и стандардите дадени од БРО за оценување на постигањата на учениците, за кои се информирани и учениците; | |
| ➢ Соработка на наставниците и училиштето со повеќе субјекти како: други училишта, институции и локална самоуправа; | |
| ➢ Однесување кон учениците со почит, разбирање и соработка; | |
| ➢ Успешно завршување на образовниот циклус; | |

| | |
|---|---|
| ➢ Навремено планирање на глобални, тематски и др. вид на педагошка документација | |
| ➢ Успешно реализирање на наставниот процес | |
| ➢ Демократски и правичен пристап кон учениците | |
| ➢ Одличен пристап кон идентификување и задоволување на потребите на учениците | |
| ➢ Навремено и правично оценување на учениците | |
| ➢ Редовно известување за напредокот на учениците | |
| ➢ Севкупна и соодветна грижа на учениците | |
| ➢ Поддршка на учениците за понатамошно образование | |
| ➢ Водење евиденција и следење на напредокот на учениците | |
| ➢ Позитивни меѓучовечки односи и позитивна клима | |
| ➢ Имплементирање на Кодексот на однесување | |
| ➢ Соработка меѓу колегите; | |
| ➢ Безбедни услови за работа; | |
| ➢ Промовирање на реализираните активности | |
| ➢ Постигнување на извондредни резултати на сите активи во разни државни, регионални и меѓународни натпревари; | |
| ➢ Редовно информирање на учениците и родителите по електронски, писмен и устен пат; | |
| ➢ Еднаквоста и правична полова и етничка застапеност на учениците во училиштето; | |
| ➢ Почитување на правата на децата; | |
| ➢ Почитување на сопствената култура и традиција и почитување на разликите од другите; | |
| ➢ Континуирано следење на личните постигања на учениците и на училиштето; | |

| | |
|---|---|
| ➢ Мотивирање на учениците и севкупна грижа за учениците | |
| ➢ Успешно функционирање на Младинска училишна заедница; Младинскиот актив и Дете правобранител | |
| ➢ Постојана соработка со родителите и стручната служба; | |
| ➢ Соработка со Локалната самоуправа, локалната заедница, медиумите и др; | |
| ➢ Учество во хуманитарни акции; волонтерски акции и настани од секаков вид во интерес на заедницата | |
| ➢ Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Постојат ергономски и пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставниот кадар и наставата на учениците. | |
| ➢ Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, литературата на странски и на изборни странски јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотеката има читална која располага со компјутер и пристап до интернет. | |
| ➢ Ефективно и ефикасно користење на расположливите наставни средства, стручна литература и помагала, како и ИКТ опремата и интернетот во наставата и учењето. | |

| | |
|---|---|
| ➢ Планирање и навремено обезбедување потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и вонаставните активности. | |
| ➢ Задоволителна присутност на наставниот кадар и другиот персонал – причина за поквалитетно образование и воспитание; | |
| ➢ Сите наставници се со високо образование; | |
| ➢ Вклученост на наставниот кадар во посета на најразлични семинари и обуки, кои се идентификуваат врз основа на изработените лични планови за професионален развој од страна на секој наставник. | |
| ➢ Максимална искористеност на расположивите капацитети за изведување на наставата и на вонаставните активности; | |
| ➢ Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за непречено реализирање на воспитно-образовниот процес на наставниците ефективно придонесуваат во работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи. | |
| ➢ Постојана поддршка и отвореност за соработка на стручната служба со наставниот кадар, учениците и родителите; | |
| ➢ Поседување на низа квалификации, вештини и искуство стекнато преку обуки и семинари на наставниот кадар; | |
| ➢ Обезбедување на професионален развој на наставниот кадар и оддавање на признанија. | |

| | |
|---|---|
| ➢ Рационално и наменско користење на финансиските средства во училиштето и во согласност со законските норми. | |
| ➢ Добра информираност на вработените и транспарентност на училиштето во врска со планирањето и трошењето на училишниот буџет. | |
| ➢ Континуирани контакти и консултации на раководната структура со вработените при разрешувањето на проблеми во училиштето. | |
| ➢ Јасно поделени одговорности во раководните тела и органи и меѓусебна соработка. | |
| ➢ Информираност на сите субјекти кои се вклучени во образовниот процес во креирањето и планирањето на училишната политика. | |
| ➢ Правилно, законско и успешно работење на Училишниот Одбор и раководниот орган и редовно, детално и сеопфатно информирање за својата работа. | |
| ➢ Добра комуникација меѓу органот на Раководење и органот на Управување со другите структури на училиштето. | |
| ➢ Постоење на јасно изготвени програми за работа на двата органи, дефинирани со деловникот за работа. | |
| ➢ Професионалност, компетентност и посветеност во извршувањето на работните задачи. | |
| ➢ Објективно оценување на вработените и вреднување на нивниот придонес во тимската работа од страна на раководниот орган. | |

| | |
|---|---|
| ➢ Визија за преземање понатамошни активности за подобрување на условите за работа во училиштето. | |
| ➢ Навремено информирање на членовите за одржување на состаноците. | |
| ➢ Прецизно и јасно дефинирани надлежности на органите. | |
| ➢ Секогаш обезбеден кворум за одржување на состаноците. | |
| ➢ Учество на директорот на сите семинари, обуки и состаноци на кои се разгледуваат важни прашања за работата на училиштето. | |

**Битола, декември 2024 година.**